Број: 0302-112
21.03.2022 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,
Спецификите на деловното работење во 2022 година предизвикани од светската криза и нестабилните пазари, како и порастот на цената на електричната енергија се предизвик за изнаоѓање решенија за правилно и законско функционирање во областа на јавните набавки. Најчестите отворени прашања за кои се бара правилна насока за постапување се однесуваат на набавката на електричната енергија, како и други производи чија цена постојано флуктуира. Ваквата состојба може да има негативни импликации на редовното и нормално снабдување, на нарушување на извршувањето на секојдневните активности, како и на реализација на голем број проекти и активности. Во функција на ваша поддршка, Здружението на финансиските работници ве поканува на работилницата на тема:

**„ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА И ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА“**

која ќе се одржи на 6 Април 2022 година во големата сала на хотел „Романтик“ – Велешко езеро, со почеток во 10.00 часот.

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција на Здружението за одржување квалитетни обуки од областа на јавните набавки. Учесниците ќе имаат можност детално да разменат информации и да добијат одговори на следните теми:

- **Јавните набавки во 2022 година - криза и нестабилни пазари,**
- **Набавка на електрична енергија како одговор на енергетската криза,**
- **Постапката со преговрање во услови на криза - што може, а што не?,**
- **Најчести предизвици при подготовката и при спроведувањето на постапката за доделување договори за јавни набавки,**
- **Измена на договорот за време на својата важност**

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавно комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки.

Обезбедениот квалитетен експерт – практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали и области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и сендвич по учесник изнесува само **4.900 денари со ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски